едно семејство, еден дом

СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

## По повод Денот на Европа, Секретаријатот за европски прашања традиционално и оваа година организираше "ЕУ пojaдок" со амбасадорите од земјите-членки на ЕУ и поранешните вицепремиери за европски прашања



повеќе

## Научна конференција "Република Македонија на патот кон Европската Унија (2020)"



Македонската академија на науките и уметностите заедно со Секретаријатот за европски прашања со поддршка на ГИЗ реализираа научна конференција "Република Македонија на патот кон Европската Унија (2020) - Искуства, предизвици, перспективи".
повеќе

## Презентација на ревидираната Национална програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА) за 2016 година, пред амбасадорите на земјите членки на ЕУ



Заменик претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања, д-р Арбр Адеми, на почетокот накусо се осврна на актуелната политичка ситуација, нагласувајќи ја потребата од брзо наоѓање на излезно решение. При тоа тој истакна дека наша единствена алтернатива за обезбедување на европската иднина на земјата е спроведување на демократски, кредибилни избори чии што резултати ќе бидат широко прифатени.

повеќе

## Вицепремиерот Адеми на отворањето на програмата "Денови на Европа во Општина Чаир"



Заменик-претседателот на Владата задолжен за Европски прашања г-дин Арбр Адеми учествуваше на отворањето на програмата "Денови на Европа во општина Чаир" која беше организирана од Институтот за Меѓународни и Политички Студии и Општина Чаир.
Вицепремиерот Адеми ја поздрави оваа организацијата која што ги иницира

прославите за 66-та годишнина на Европската Унија.

повеќе

## Работни средби



### Средба на вицепремиерот Адеми со европратеничката Петир

Вицепремиерот Адеми се заблагодари за иницијативата на г-ѓа Перир и нејзиниот личен ангажман да ја возобнови Групата на пријатели на Македонија во Европскиот парламент, бидејќи на тој начин ќе може да се промовираат ставовите и интересите на нашата земја. За време на средбата соговорниците се осврнаа на актуелната политичка состојба како и за билатералната соработка на нашата земја со Република Хрватска.
повеќе



### Средба на вицепремиерот Адеми со г-ѓа Луиза Винтон

Г-ѓа Винтон му го честиташе на вицепремиерот Адеми назначувањето на новата функција со надеж за унапредување на досегашната соработка.
На почетокот на средбата вицепремиерот Адеми истакна дека УНДП е значаен партнер на нашата земја и континуирано не подржува во многу значајни области, како демократско владеење, социјално вклучување, животна средина и енергетика.
За време на средбата се дискутираше и за тековните активности кои УНДП ги презема во однос на реализацијата на тековниот проект за санирање на штетите од поплавите со ИПА средства.
повеќе



**Средба на Вицепремиерот Адеми со амбасадорот на Италија Белели**

За време на средбата, Вицепремиерот Адеми и амбасадорот Белели разговараа за актуелните политички случувања во земјата по Одлуката на Уставниот суд за времено запирање на правните дејствија кои произлегуваат од Одлуката за самораспуштање на Собранието. Соговорниците истакнаа дека е значајно во наредниот период да се преземат чекори за целосно исполнување на обврските од Политичкиот договор на инклузивен и транспарентен начин. Воедно беше посочено дека е потребно да се стави фокус на исполнување и на обврските од Итните реформски приоритети.
повеќе



**Средба на вицепремиерот Адеми со Н.Е. г. Фатос Река**

Амбасадорот Река му го честиташе на вицепремиерот Адеми назначувањето на новата функција со надеж за унапредување на досегашните достигнувања, не само во однос на процесот на интеграција туку и во однос на билатералната и регионалната соработка. За време на средбата соговорниците разговараа за актуелната политичка состојба во земјата и за продлабочувањето на билатералната и регионалната соработка помеѓу двете земји.
повеќе



**Средба на вицепремиерот Адеми со амбасадорот на Република Косово во Република Македонија г. Илбер Хиса**

Амбасадорот Хиса му го честиташе на вицепремиерот Адеми назначувањето на новата функција со надеж за унапредување на досегашните достигнувања, не само во однос на процесот на интеграција туку и во однос на билатералната и регионалната соработка. За време на разговорот заеднички беше констатирано дека Република Македонија и Република Косово имаат пријателски односи и одлична соработка. Како приоритети од заемен интерес и понатаму остануваат, понатамошно градење на добрососедство, интензивирање на регионалната и мултилатералнта соработка и поефикасното искористување на европските фондови за тековните и нови проекти поддржани како и натамошниот развој на економската соработка.
повеќе

## Работни средби на Државниот Секретар Ана Блажеска

### Одржан вториот Заеднички комитет помеѓу Република Македонија и Црна Гора



На 10 и 11 мај 2016 година во Бар, Црна Гора се одржа вториот Заеднички комитет помеѓу Република Македонија и Црна Гора на кој присуствуваше делегација од повеќе институции во Република Македонија предводени од Државниот Секретар во Секретаријатот за Европски прашања, Ана Блажеска. Заедничкиот комитет помеѓу Република Македонија и Црна Гора е во рамки на Договорот за соработка меѓу Владите на Република Македонија и Црна Гора во процесот на европски интеграции. Одржувањето на вториот Заеднички комитет помеѓу Република Македонија и Црна Гора претставува уште една потврда за континуирана соработка и меѓусебна поддршка на патот на европските интеграции за македонските и црногорските институции во полиња од заеднички интерес.

повеќе

### Редовен состанок со претставници од ИПА структурата и претставници од ДЕУ



Во просториите на Секретаријатот за европски прашања  се одржа редовен состанок со претставниците на ИПА структурата и претставници од Делегацијата на Европска Унија. Со состанокот претседаваше Заменик претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања, д-р Арбр Адеми во функција на Национален ИПА координатор.
повеќе

## Одржана презентација на тема: "Вовед во процесот на европска интеграција и во подготовката на националната верзија на acquis communautaire"



На ден 11.05.2016 год. Секретаријатот за европски прашања оддрша презентација на тема: "Вовед во процесот на европска интеграција и во подготовката на националната верзија на acquis communautaire" на која пред студентите од Катедрата за превод и толкување од Филолошкиот факултет "Блаже Конески" при Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" од Скопје беше презентиран кус преглед на односите помеѓу Република Македонија и Европската унија, беше опишан процесот на европска интеграција, целокупниот процес на создавање на националната верзија на правото на Европската Унија и неговото значење, координацијата, структурите и динамиката со која се одвива овој значаен процес.

повеќе

#EUstars

sep.gov.mk

## Дебата на тема "Родова еднаквост"



Секретаријатот за европски прашања во светло на празнувањето на Денот на Европа, 9. Мај, одржа дебата од циклусот "ЕУ Ѕвезди" на тема: "Родова Еднаквост ", на која дебатираа студентите од Правниот факултет при Државниот Универзитет во Тетово, во чии простории се одржа истата. Пред започнување на дебатата на студентите им се обратија Вицепремиерот Адеми и деканот на Правниот факултет проф. д-р Ферат Полиси, кои ја истакнаа улогата на дебатите во развојот на демократските општества.

повеќе

## Секторски реформи во ЕУ

## ИПА проекти

### "Поддршка за ефикасна превенција и борба против корупцијата"

**Финансиран од:** Европска Унија
**Цел на проектот:** Подобрување на правната и институционална рамка за борба против корупцијата, подобрување на системот за управување на конфликтот на интереси, изградба на капацитети на институциите за спречување и репресија, финансирањето на политичките партии и изборни кампањи, обвиненија и судски процеси за корупција и управување со конфискуван имот.
**Вкупна вредност:** 1.4 милион евра
**Времетраење:** јули 2014-октомври 2016

**Клучен корисник:** Државната комисија за спречување на корупцијата

повеќе

### "Завршување на постапката за пристапување кон конвенцијата за Заеднички транзитни постапки и Конвенцијата за поедноставување на формалностите во трговијата со стока"

**Финансиран од:** Европска Унија
**Цел на проектот:** Понатамошно усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ во царинската област, како и зајакнување на административниот и оперативниот капацитет на Царинската управа при процесот на исполнување на ЕУ стандардите во овие области
**Вкупна вредност:** 0.95 милиони евра.
**Времетраење:** 1 септември 2014 година-31 мај 2016 година.
**Клучен корисник:** Царинската управа

повеќе

## ЕУ Вести

- Европската комисија именува нов генерален директор на одделот за меѓународна соработка и развој
- Европската комисија предложи безвизен режим за граѓаните на Косово
- 25 години од МЕДИА програмата
- Извештај на Европската комисија за состојбата со фундамендалните права во ЕУ
- Нови правила за да се привлечат студенти кои не потекнуваат од земјите во ЕУ за истражувачи и практиканти во ЕУ

## Дали знаете дека...?

- Пушењето цигари е одговорно за 700.000 смртни случаеви секоја година во ЕУ
- 61% од младите луѓе во ЕУ не сакаат да учат, да се обучуваат или да работат во друга земја на ЕУ, додека 32% би сакале да го сторат тоа
- Почнувајќи од 2008 година ЕП секоја година ја доделува наградата Европски граѓанин за проекти и иницијативи со кои би се олесниле прекуграничната соработка и унапредување на заемното разбирање во рамките на ЕУ
- 9 месеци им е дозволено на студентите и истражувачите кои не потекнуваат од ЕУ да останат во земја членка на ЕУ и уште 9 месеци по завршувањето на студиите/истаржувањето додека најдат работа или започнат свој бизнис

## Меѓународни денови

- 12 јуни Светски ден против злоупотребата на детскиот труд
- 14 јуни Светски ден на крводарителите
- 20 јуни Светски ден на бегалците
- 26 јуни Меѓународен ден на ОН за подддршка на жртвите од тортура

***Ви Благодариме!***